Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Бр. 0302/1
23.02.21 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 од Статутот на Здружението на инженери за заштита Тутела, Скопје, Извршниот одбор на Здружението на инженери за заштита Тутела, Скопје, на онлајн состанокот одржан на ден 23.02.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

за утврдување на содржина, критериуми и ценовник за рекламирање во Првото стручно списание за безбедност и здравје при работа ,,ТУТЕЛА"

### Член 1

(1) Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје (Здружение), согласно својата Програма за промоција на областите безбедност и здравје при работа (БЗР) и противпожарна заштита (ППЗ), го издава Стручното списание за безбедност и здравје при работа ,,ТУТЕЛА" (Списание ТУТЕЛА)

### Член 2

(1) Списанието ТУТЕЛА се издава два пати годишно (на 28-ми април – Светскиот ден за БЗР и последната недела во месец Октомври – Европска недела за БЗР) во печатена или електронска форма.

### Член 3

(1) Списанието ТУТЕЛА е бесплатно стручно списание наменето за членовите на Здружението и други стручни заинтересирани соработници.

### Член 4

(1) Темите и содржините кои се објавуваат во Списанието Тутела мора да се стручни теми од областите БЗР и ППЗ, како и други поврзани области (пр. Заштита на животна средина)

### Член 5

(1) Содржината, изгледот и стручните теми објавени во Списанието ТУТЕЛА, се во надлежност на Уредувачкиот Одбор.

**Член 6**

(1) Со цел финансиска самоодржливост на Списанието ТУТЕЛА, се дозволува во истото да се рекламираат заинтересирани правни субјекти кои работат на полето БЗР и ППЗ и правни субјекти кои вложуваат во БЗР и ППЗ.

**Член 7**

(1) Отстапениот рекламен простор не смее да биде поголем од 10% од вкупниот број страни на Списанието ТУТЕЛА, за секој објавен број поединечно.

**Член 8**

(1) Во случај за одреден објавен број на Списанието ТУТЕЛА, бројот на заинтересирани страни за рекламен простор да е поголем од наведеното во член 7 од оваа Одлука, ќе се земе во предвид можноста прв пријавен прв објавен.

**Член 9**

(1) Висината на надоместокот за рекламен простор е даден во Прилог 1, кој е составен дел од оваа Одлука.

**Член 10**

(1) Во надометокот објавен во Прилог 1, цените се дадени без ДДВ.

(2) За годишен закуп на рекламен простор, се одобрува попуст од 10% на вкупниот надомест за реклама.

**Член 11**

(1) Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.

23.02.2021 година

Скопје

Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ

(М-р Дејан Ангеловски)

Здружение на инженери за заштита Тутела
Ул.Никола Тесла бр.8/3-19
Скопје 1000, Р.С. Македонија
contact@tutela.org.mk
www.tutela.org.mk

Association of Safety Engineers Tutela
Str.Nikola Tesla 8/3-19
Skopje 1000, R.N. Macedonia
international@tutela.org.mk

## ПРИЛОГ 1

### Висина на надоместок за реклама во Списанието ТУТЕЛА

| Ред. бр | Опција | Цена |
|---|---|---|
| 1 | Внатрешни корици (втора) (28,7x20 cm) | 10.000,00 |
| 2 | Внатрешни корици (претпоследна) (28,7x20 cm) | 8.000,00 |
| 3 | Внатрешна цела страна (28,7x20 cm) | 7.000,00 |
| 4 | 1/2 (14x20 cm); 1/2 28,7x10 cm | 4.000,00 |
| 5 | 1/3 (9x20 cm); 1/3 28,7x7 cm | 3.000,00 |